**20181272481**

**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 29 од Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2018 година („Службен весник на Република Македонија“ бр. 196/17) и член 7 ставови (3) и (4) од Законот за земјоделство и рурален развој („Службен весник на Република Македонија” бр.49/10, 53/11, 126/12, 15/13, 69/13, 106/13, 177/14, 25/15, 73/15, 83/15, 154/15, 11/16, 53/16, 120/16, 163/16, 74/17 и 83/18), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 3.7.2018 година, донесе

**ПРОГРАМА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА РУРАЛНИОТ РАЗВОЈ ЗА 2018 ГОДИНА**

I

Во Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2018 година („Службен весник на Република Македонија“ бр.16/18 и 100/18) во делот I, износот „2.122.000.000,00“ се заменува со износот „2.007.000.000,00“, а износот „310.000.000,00“ се заменува со износот „195.000.000,00“.

II

Во делот II, став (1) во воведната реченица износот „1.982.200.000,00“ се заменува со износот „1.867.200.000,00“.

Во табелата во мерка 121 дел VII, зборовите „набавка на систем за наводнување капка по капка вклучително и бунари“ се заменуваат со зборовите „набавка на систем за наводнување капка по капка, конструкција на бунари и други зафати на површинска вода“.

Во мерката 211 дел XIII износот „61.000.000,00“ се заменува со износот „6.000.000,00“.

Во мерката 215 дел XVI износот „81.000.000,00“ се заменува со износот „21.000.000,00“.

Во „ВКУПНО ЗА МЕРКИ ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА РУРАЛНИОТ РАЗВОЈ“ износот „1.982.200.000,00“ се заменува со износот „1.867.200.000,00“.

III

Во делот VI, став (1), алинејата 5 се менува и гласи:

„ - набавка на опрема за систем за наводнување - капка по капка, конструкција на бунари и други зафати на површинска вода и“

Во ставот (2), зборот „октомври“ се заменува со зборот „септември“.

IV

Во делот VIII по ставот (2) се додава нов став (3) кој гласи:

„(3) Дел од средствата од став (1) на овој дел во износ од 4.000.000,00 денари се наменети за неподмирени обврски од реализација на мерка 123 „Инвестиции за преработка и маркетинг на земјоделски производи“ од Програмите за финансиска поддршка на руралниот развој од претходните години.“

V

Во делот XII, став (2) износот „60.000.000,00“ се заменува со износот „5.000.000,00“.

VI

Во делот XV, став (2) износот „80.000.000,00“ се заменува со износот „20.000.000,00“

VII

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 44-6471/1
3 јули 2018 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Радмила Шекеринска-Јанковска,** с.р.